РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
11 ОКТОМВРИ
Бр. 01-295/2
30.08. 2024
ЦЕНТАР

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 103/19 година) Општинското основно училиште „11 Октомври" – Скопје, Центар изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 15.11.2023 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Ана Шалева Ивановска - педагог
- Ирина Иванова – наставник по информатика, ментор
- Татјана Мицева – Бојаровска – наставник по македонски јазик
- Тања Софрониевска Здравковска – наставник по одделенска настава
- Росица Младеновска Андоновска – претставник од Училишен одбор

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од октомври 2023 до август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Весна Недановска – координатор<br>2. Убавка Џинов – координатор<br>3. Тања Ивановска – член<br>4. Ружа Стојковиќ – член<br>5. Билјана Танеска - член |
| 2. Постигања на учениците | 1. Билјана Велевска – координатор<br>2. Фросина Мантева – координатор<br>3. Златко Петковски - член<br>4. Бепина Младеновска – член<br>5. Звонко Димовски - член |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Мануела Трпчевска - координатор<br>2. Татјана Василевска - координатор<br>3. Ирена Смилевска - член<br>4. Ивана Јакимовска - член<br>5. Катарина Василевска - член |
| 4. Управување и раководење | 1. Моника Трпчевска - координатор<br>2. Славица Димитровска - координатор<br>3. Марија Стојановска - член<br>4. Весна Грошева - член<br>5. Филип Павловски - член |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои

дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 20.08.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| Поддршката и следењето на планирањата на наставниците играат клучна улога во обезбедување на ефикасна и квалитетна настава во училиштето. Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците со цел креирање квалитетни и успешни планирања (годишни, тематски, неделни, дневни сценарија, личен план за професионален развој) се состои од обезбедување редовни обуки и семинари за наставниците за нови наставни методи, технологии и алатки, овозможување на професионален развој преку учество во конференции и работилници, обезбедување повратни информации на наставниците за нивната работа, со предлози за подобрување, работа на проекти и слично. Во училиштето се следат планирањата на наставниците преку соодветни процедури од страна на директорот и стручните соработници.<br><br>Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручни активи, користат стручни искуства од различни медиуми и регионална соработка со други училишта.<br><br>Реализацијата на наставните планови и програми е сложен процес кој бара високо ниво на подготовка, креативност, флексибилност и континуирано следење. Наставниците играат клучна улога во претворањето на теоретските цели во практична реалност, обезбедувајќи им на учениците неопходните знаења и вештини за понатамошен успех. Наставните планови и програми во целост се реализираат од страна на соодветен наставен кадар.<br><br>Училиштето нуди широк дијапазон на разновидни слободни изборни активности и предмети, односно слободни изборни предмети од различните категории коишто се подредени на интересите на учениците, согласно нивната возраст и актуелните потреби. Нивниот избор се врши согласно пропишаната процедура од МОН и БРО за избор на наставен предмет.<br><br>Во училиштето внимателно се одбираат и интегрираат задачите, активностите и ресурсите како би се создала ангажирачка и ефективна наставна средина која ќе ги поддржи учениците во нивниот развој и |

учење. Изборот на задачите, активности и ресурси наставниците го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците според тежински нивоа. Наставниците користат најразлични современи приоди, методи и техники во наставата.

Училиштето негува одлична интеракција меѓу наставниците и учениците преку отворена комуникација - учениците се охрабруваат да поставуваат прашања и да изразуваат свои мислења, активно слушање, повратни информации - обезбедување редовни и конструктивни повратни информации за напредокот на учениците, поддршка од страна на наставниците- препознавање на потребите на учениците и нудење помош, особено за оние кои имаат потешкотии или специфични потреби. Наставниците се однесуваат кон учениците со прифаќање, почитување, соработка, мотивација и разбирање. Интеракцијата меѓу учениците е на солидно ниво со тенденција за нејзино подобрување преку организирање на групни активности, односно вклучување на учениците во групни проекти и активности кои ги поттикнуваат на соработка, комуникација и тимска работа, организирање дебати и дискусии, создавање „ученички парови" каде учениците можат да си помагаат едни на други, организирање на социјални и дополнителни активности, како што се спортски настани, културни настани или училишни забави, за да се поттикне позитивна интеракција и соработка помеѓу учениците.

Во училиштето се реализира образовна инклузија. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со одлука на директорот на училиштето. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП со сите наставни предмети, согласно законска регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Со учениците со ПОП се реализира настава и воннаставни активности според ИОП или модифицирана програма според препораки на МКФ. Во училиштето работи и Тим за надарени и талентирани ученици.

Тим за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализација на активностите на МИО планирани во ГПРУ, проектни активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, мотивирачка, инклузивна и интеркултурна средина што поттикнува интерес за учење.

Учениците сметаат дека на начинот на кој се учи во најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот. Најголем дел од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Наставниците даваат пофални коментари за активностите на учениците и користат различен начин за да ги мотивираат учениците.

Наставниците и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за да ги задоволат потребите и да се отстранат пречките при учење. Најголемиот број наставници заедно со стручните соработници во процесот при учење користат различни интерактивни техники, со што овозможуваат на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Училишна политика за оценување има за цел да обезбеди транспарентност, фер и конзистентност во процесот на оценување и да ги поддржи учениците во нивното академско и лично развивање: задачите, тестови и активности се оценуваат според однапред дефинирани и познати критериуми, оценувањето се изведува преку различни инструменти за оценување, сите ученици се оценуваат според истите стандарди. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Формативното и

сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат информации кои се добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата како и реализирањето на наставата

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во училиштето со учениците се реализираат општествено хуманитарни активности во рамките на вонннаставните активности. Опфатени се ученици од различен пол и возраст.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија или од меѓународно ниво како и во други активности со натпреварувачки карактер. Јавноста редовно се информира за постигнувањата на учениците на одржаните натпревари преку ФБ страната и веб страната на училиштето.

**Силни страни**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување на своите планирања.
- Училиштето го следи квалитетот на планирањата на наставниците.
- Училиштето нуди широк дијапазон на разновидни слободни изборни активности и предмети, односно изборни предмети од различните категории коишто се подредени на интересите на учениците, согласно нивната возраст и актуелните потреби.
- Наставниците изработуваат ИОП во соработка со инклузивниот тим.
- Наставниците применуваат диференциран пристап во наставата.
- Наставниците во целост ги реализираат наставните планови и програми.
- Изборот на задачите, активности и ресурси наставниците го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците
- Наставниците користат различни современи приоди и ресурси за учење и настава.
- Наставниците користат ИКТ во наставата.
- Наставниците реализираат дополнителна и додатна настава.
- Наставниците редовно даваат повратни информации за постигнувањата на учениците, на индивидуални и родителски средби со родителите.
- Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно е на одлично ниво
- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, мотивирачка, инклузивна и интеркултурна средина што поттикнува интерес за учење
- Во училиштето не се врши дискриминација на учениците по пол, етничка припадност или социјално потекло
- Учениците успешно учествуваат на натпревари, на различни нивоа, под менторство на наставниците.

**Слаби страни**

Зајакнување на соработката меѓу наставниците преку тимска работа и заедничка работа на задачи, активности и проекти.

**Приоритети**

**Зајакнување на соработката меѓу наставниците преку тимска работа и заедничка работа на задачи, активности и проекти.**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди, согласно националните стандарди за оценување и критериумите за оценување. Врши идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост. Редовно ги известува родителите за постигањата на учениците преку родителски средби, индивидуални разговори, евидентни листови, отворени денови и евиденција во електронски дневник. Училиштето ја следи редовноста на учениците. Отсутните ученици редовно се евидентираат во е-дневникот до кој пристап има секој родител, а во случај на отсуства се реализираат советувања со родители и ученици и се преземаат соодветни мерки. Училиштето користи различни пристапи советување на родителите и учениците (родителски средби и консултации, индивидуални средби со родители и ученици, писмени известувања, поддршка од стручните соработници, поддршка во однос на ресурси за учење, редовна комуникација преку електронски платформи, советувања од страна на училишниот психолог или педагог). Училиштето води сметка за подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава која редовно се изведува, промовирајќи ги личните постигања на учениците на училишната веб страница и социјална мрежа, во јавните медиуми, со учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи. Училиштето, родителите и учениците заеднички работат на создавање на позитивна и поддржувачка средина која го поттикнува академскиот и личниот успех на учениците.

**Силни страни**

- Со поддршка од наставниците, учениците учествуваат во разни манифестации и постигнуваат значителни успеси на натпревари на локално, национално и меѓународно ниво.
- Училиштето има воспоставен систем на наградување за учениците кои постигнале одлични резултати.
- Учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби добиваат поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, стручни соработници и наставници.
- Наставниците организираат и спроведуваат активности за развивање на различни способности и вештини кај учениците, преку примена на современи наставни форми и методи.
- Напредокот на учениците редовно се следи од наставниците, кои ги евидентираат нивните резултати за што родителите редовно се известуваат.
- Успехот на учениците се следи континуирано по класификациони периоди, при што се прават споредби и анализи по предмети и паралелки.
- Постојаноста на успехот е забележлива со години наназад, и во предметната и во одделенската настава, како и на ниво на училиште.
- Нема значајна разлика во постигнувањата меѓу учениците според пол.
- Нема осипување на ученици.
- Училиштето внимателно ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за нивното отсуство и презема соодветни мерки согласно воспоставениот правилник за редовноста на учениците.
- Наставниците, родителите и учениците одржуваат одлична комуникација и соработка за успешна реализација на наставата.

**Слаби страни**

- Зголемување на активностите на учениците во рамките на училиштето во воннаставни активности (еко активности, уредување на катчиња, одржување на инвентарот во училишниот двор и слично).

**Приоритети**

**Зголемување на активностите на учениците во рамките на училиштето во воннаставни активности (еко активности, уредување на катчиња, одржување на инвентарот во училишниот двор и слично).**

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Училиштето има изработено Кодекс на однесување кој е транспарентно поставен на веб страната на училиштето. Правилата на однесување на сите учесници во воспитно образовниот процес во училиштето јасно се истакнати во куќниот ред на училиштето кој е исто така јавно и транспарентно објавен.

Училиштето ги промовира постигнувањата на сите ученици не само во рамките на училиштето туку и во пошироката локална средина преку објавување на ФБ и на веб страната на училиштето.

Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија која е комуницирана со сите учесници и промовира позитивна клима. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Односите меѓу наставниците и учениците се засноваат на меѓусебна почит, доверба и разбирање. Наставниците создаваат средина во која учениците се чувствуваат сигурни и се охрабруваат да ги изразат своите идеи, грижи и потреби. Училиштето има протокол во кој се дефинирани и по кој постапува за сите облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.

Училиштето промовира инклузивност каде што сите ученици, без оглед на нивните индивидуални различности (социо-економска позадина, етничка припадност, пол, способности), се чувствуваат прифатени и поддржани. Оваа клима ги охрабрува учениците да се изразат слободно и да учествуваат активно во училишниот живот. Училиштето ги учи учениците како на конструктивен начин да ги решаваат конфликтите и несогласувањата.

Во училиштето функционира ученичкиот парламент кој ја претставува ученичката популација - учениците имаат глас и можност да изразат свои мислења за прашањата што ги засегаат. Претставниците на ученичкиот парламент се избираат демократски од страна на учениците и имаат задача да ги застапуваат интересите на сите ученици. Учениците членови на Ученичкиот парламент се покануваат и присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и Наставнички совет.

Училиштето гради партнерски односи со родителите преку редовна комуникација и вклучување на родителите во училишниот живот. Училиштето има силна врска со локалната заедница, вклучувајќи ја во разни активности и иницијативи. Соработката со локалните институции, невладини организации и компании ги збогатува искуствата на учениците и ја зајакнува улогата на училиштето во заедницата.

Севкупната грижа за учениците е интегрален дел од секое училиште кое има за цел да обезбеди целосен развој на учениците, не само во академска смисла, туку и во нивниот емоционален, социјален и физички развој. Училиштето обезбедува сигурна физичка средина преку спроведување на соодветни безбедносни мерки како што се контролиран пристап до училишната зграда, редовни евакуациски вежби, редовно одржување на ПП апаратите и обезбедување на чисти и хигиенски услови. Училиштето води грижа да се поттикнуваат здрави навики, како редовна физичка активност и здрава

исхрана. Училиштето спроведува превентивна едукација за здравје. Ова вклучува грижа за физичката состојба на учениците, справување со акутни состојби и едукација за здрав начин на живот. Училиштето овозможува пристап до училишниот психолог кој се грижи за емоционалната благосостојба на учениците- обезбедува поддршка во справување со стрес, анксиозност, проблеми со врсниците и други емоционални предизвици. Учениците добиваат поддршка во планирањето на нивната академска и професионална иднина.

**Силни страни**

- Во училиштето владее позитивна и поттикнувачка атмосфера
- Наставниците ги познаваат и почитуваат правата на децата
- Во училиштето се води еднаков и правичен третман на сите ученици
- Училиштето има одлична соработка со родителите / општината / и со урбаната заедница
- Училиштето има правилник за постапување во случај на насилство
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето при насилство.
- Училиштето дава помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.
- Училиштето е чисто и уредно
- Учениците и наставниците се чувствуваат безбедно во училиштето.
- Учениците се грижи за социо-емоционалната добросостојба на учениците
- Училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието

**Слаби страни**

- Зголемување на иницијативи на учениците во училишниот живот
- Зголемени активности во однос на работилници за превенција од зависности.

**Приоритети**

- **Зголемување на иницијативи на учениците во училишниот живот**
- **Зголемени активности во однос на работилници за превенција од зависности.**

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме**

Во ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар раководната структура ја сочинуваат Директорот и Училишниот одбор. Состаноците на раководството се одржуваат според тековните потреби на училиштето согласно Годишната програма, но по потреба се одржуваат и повеќе пати. За својата работа Училишниот Одбор води записник во кој се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените. Начинот на соработка и размена на идеи се одвива по пат на заеднички состаноци: состаноци на стручни активи во одделенска и предметна настава, одделенски совети, Наставнички совети, Совет на родители, Училишен одбор. Родителите за донесените одлуки во училиштето се информираат преку заклучоците од состаноците на Советот на родители, преку одделенските раководители на родителските состаноци. За донесените одлуки во училиштето учениците се известуваат преку класните раководители, огласна табла во холот и преку разглас.

Целите на училиштето се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите, учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

Секоја последна среда во месецот се одржува отворен ден за родители со предметните наставници.

Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Годишното планирање на училиштето го организира и реализира стручен тим составен од директорот и стручни соработници. На крајот од учебната година се врши евалуација на реализираната Годишна програма на училиштето, се изработува извештај за работата на училиштето.

Во училиштето се води политика на взаемна толеранција, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Училиштето има Кодекс на однесување и Куќен ред со кој се запознати и на кој треба да се придржуваат сите учесници во воспитно-образовниот процес во училиштето. Училиштето има изготвено План за развој на училиштето со јасно дефинирани приоритети произлезени од извршените самоевалуации. Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во рамките на своите можности ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на наставниците. Просторните услови (училници и фискултурни сали) и училишната библиотека ги задоволуваат потребите на учениците, а континуирано се подобрува инфраструктурата на училиштето. Училиштето преку својата веб страна целосно ги информира сите субјекти (надворешни и внатрешни) за воспитно-образовната работа на училиштето. Соработката со медиумите се остварува со цел презентирање и промовирање на целокупната работа на училиштето како и бројните активности и проекти кои ги презема.

**Силни страни**

- Активен Училишен Одбор кој редовно одржува седници согласно потребите на училиштето
- Училиштето е добро раководено
- Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики
- Квалитетен наставен кадар
- Опремени училници за ефикасно спроведување на наставата
- Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори.
- Во училиштето постои соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесување на одлуки
- Наставниците и стручните соработници активно учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно потребите.
- Училишната библиотека е достапна за сите ученици.
- Унапредување на здравјето на учениците преку обезбедување на редовна вакцинација, систематски прегледи и разни едукативни предавања од страна на стручни лица од оваа област;

**Слаби страни**

- Зголемена информираност на наставниците со финансискиот дел од работењето на училиштето.
- Зголемена транспарентност на Училишниот одбор за донесените одлуки

**Приоритети**

- **Зголемена информираност на наставниците со финансискиот дел од работењето на училиштето.**
- **Зголемена транспарентност на Училишниот одбор за донесените одлуки**

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- **Зајакнување на соработката меѓу наставниците преку тимска работа и заедничка работа на задачи, активности и проекти.**
- **Зголемување на активностите на учениците во рамките на училиштето во воннаставни активности (еко активности, уредување на катчиња, одржување на инвентарот во училишниот двор и слично).**
- **Зголемување на иницијативи на учениците во училишниот живот**
- **Зголемени активности во однос на работилници за превенција од зависности.**
- **Зголемена информираност на наставниците со финансискиот дел од работењето на училиштето.**
- **Зголемена транспарентност на Училишниот одбор за донесените одлуки**

Комисија за спроведување на СЕУ:

Ана Шалева Ивановска - педагог

Ирина Иванова – наставник по информатика, ментор

Татјана Мицева – Бојаровска – наставник по македонски јазик

Тања Софрониевска Здравковска – наставник по одделенска настава

Росица Младеновска Андоновска – претставник од Училишен одбор